# Извештај за работењето на Славеј АД Скопје за 2023 год.

1. Општи податоци за друштвото

Центарот за ортотика и протетика Славеј А.Д. Скопје е основан во 1949 год. со цел да произведува и дистрибуира ортопедски помагала и опрема за инвалиди заради оспособување за живот на инвалидите од 2-ра светска војна.

Друштвото е заведено во трговскиот регистар при Централниот регистар на р. Македонија со регистарска влошка бр. 4-02001186-000-01 при Основниот суд Скопје со ЕМБС 04060326.

Седиштето на друштвото е на улица Васил Ѓоргов бр.45 Скопје, Општина Центар.

Приоритетна шифра на дејноста е 32.50 - Производство на медицински и стоматолошки инструменти. Друштвото е регистрирано за вршење на дејности од внатрешниот промет.

Споредни дејности се:
- 46.46 Трговија на големо со фармацевтски производи
- 47.74 Трговија на мало со медицински препарати и ортопедски помагала во специјализирани продавници.

Славеј А.Д. Скопје е водечки капацитет во Македонија, во изработката на повеќе од 9 основни групи на ортопедски помагала и опрема за инвалиди. Во годината кога фирмата ја мина 70-та година од основањето, со задоволство констатираме дека угледот на истата се движи по нагорна линија и покрај сите тешкотии и проблеми со кои подолго време се соочувавме во Р. Македонија на макроекономски план.

Изработката на производите се врши исклучиво во просториите на компанијата, додека земањето на мерките, пробите и прометот покрај во седиштето на компанијата во најголем дел се извршуваше во подружниците низ Македонија.

Во рамки на Славеј АД регистрирани се следните подружници :

1.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје – Капиштец
2.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Центар
3.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Тетово
4.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Гостивар
5.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Охрид
6.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Битола
7.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Прилеп
8.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Струмица
9.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Куманово
10.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Штип
11.Центар за ортотика и протетика Славеј ад Скопје - Подружница Кочани

Во компанијата на 31.12.2023 год. беа 58 вработени лица.
Компанијата е комплетно осмислена и комплетирана за квалитетно извршување на дејноста со можност за зголемување на сегашниот обем на производство и продажба.
Компанијата е 100 процентно во сопственост на акционери воглавно потекнати од вработените во Славеј.

Управувањето е двостепено со избран Надзорен одбор (три членови) и тоа:

1. Светлана Вукашиновска, Сметководител
2. Драган Велевски, Ортопедски техничар
3. Кире Златев, Чевлар моделар

Управниот одбор (пет членови) на компанијата го сочинуваат следните лица:

1. Горан Чалоски, машински инженер, Претседател на УО,
2. Борче Стојков, машински инженер, Член на УО вработен во компанијата,
3. Верче Додовска, дипломиран физиотерапевт, Член на УО вработен во компанијата,
4. Ѓорѓи Станишевски ЦПО , Член на УО вработен во компанијата и
5. Мирјана Георгиевска економски техничар, Член на УО вработен во компанијата

Членовите на УО и Надзорниот одбор со оглед на тоа што се вработени во Друштвото немаат примања по основ активности во УО или Надзорен одбор, освен редовните месечни примања по основ на плата.

Друштвото се нема стекнато со сопствени акции, а финансирањето на друштвото е комплетно од сопствени извори на средства.

2.Услови и фактори кои влијаеа на работењето на Друштвото во 2023 год.

Најголемо влијание на работењето на Друштвото имаа неконтролираното зголемување на цените на репроматеријалите и енергенсите, а сеуште непроменети цени на производите кои се на позитивна листа на ФЗОРСМ и кои се определени пред 20 години од страна на ФЗОМ, како и се поголемата конкуренција во браншата,

Се разбира дека сето ова имаше негативно влијание на финансиските резултати од работењето на компанијата

Во изминатитве години, корисниците на помагала станаа свесни за софистицираните компоненти за протези кои ФЗОРСМ ги стави на листата на помагала на товар на ФЗОРСМ, но со почетокот на растот на цените и зголемувањето на трошоците на ФЗОРСМ комисиите за одобрување и заверка на помагала го редуцираат бројот на одобрени помагала од повисока класа, најчесто спротивно на Правилникот и оваа тенденција трае подолго време.

Состојбата на домашниот пазар е усложнета после одлуката на ФЗОРСМ да се склучуваат договори со аптеки како добавувачи на помагала за осигурениците но и неограниченото потпишување на договори помеѓу ФЗОРСМ и секоја компанија која ќе аплицира за договор за испорачување на ортопедски помагала. Во услови на ограничен пазар со популација која по број е се помала, зголемување на број на добавувачи на помагала без да се има критериуми и смрзнати цени, многу е логично дека ќе се развива конкуренција која ќе биде нелојална.

Се соочуваме со се поголема конкуренција во сите сегменти на индивидуални и особено на сериски производи.

Карактеристика на конкурентните компании кои имаат производство е дека тоа се компании кои се мали по капацитетите за производство, ја произведуваат цела лепеза на индивидуални помагала но затоа таргетираат само профитабилни производи.

Се разбира дека конкуренција е добра и потребна но само ако е лојална. Конкуренцијата може да поттикне и наш понатамошен развој и претставува предизвик да ги подобриме нашиот производ и нашата услуга од сите аспекти, во смисла на квалитет, брзина на испорака, цена и коректен однос кон клиентите.

3.Физички обем на производство

Во табела 3.1 прикажан е бројот на продадени помагала по групи во Компанијата споредбено за 2022 со 2023 година.

Таб. 3.1

| ГРУПА НА ПРОИЗВОД | **2022** | **2023** |
|---|---|---|
| Надколена и подколена протеза | 243 | 211 |
| Протеза за рака | 10 | 13 |
| Надколена ортоза | 150 | 145 |
| Коленски ортози | 1504 | 1503 |
| Подколени ортози | 964 | 968 |
| Ортози за горни екстремитети | 3507 | 3604 |
| Ортози за рбетен столб-шансови | 1910 | 1814 |
| Корсети | 6401 | 6658 |
| Корективни ортози | 1691 | 1731 |
| Инвалидски колички | 918 | 881 |
| Антидекубитален душек и перниче | 846 | 845 |
| Ортопедски чевли | 5130 | 4564 |
| Ортопедски влошки | 3846 | 4789 |
| Чорапи медицински | 712 | 921 |
| Бастуми | 696 | 738 |
| Штаки | 2145 | 1278 |
| Одалки | 576 | 467 |
| Тоал.столче и надградба | 158 | 231 |
| Појаси медицински | 2174 | 2181 |
| Дојка вештачка | 445 | 485 |

## 4.Финансиски резултати од работењето на компанијата

Анализирајќи ги финансиските резултати од работењето на друштвото во 2022год. може да констатираме дека поминавме година многу тешка за стопанисување, со многу проблеми и специфични услови за работење. Финансиските резултати се прикажани во табелите 4.1 , 4.2 , и 4.3 дадени подолу.

| **Таб.4.1** | **Приходи од промет и услуги** | **2022год.** | **2023год.** |
|---|---|---|---|
| 1 | Приходи од продажба на производи | 174.583.705,00 | 165.817.844 |
| 2 | Приходи од закупнина | 432.000,00 | 432.000,00 |
| 3 | Приходи од продажба на основни с-ва | 0,00 | 0 |
| 4 | **Вкупно (1+2+3)** | **175.015.705,00** | **166.249.844** |
| | **Вонредни приходи** | | |
| 5 | Приходи од камати | 1.897,00 | 1.486,00 |
| 6 | Приходи од вредн.усогласување | 113.776,00 | 75.744,00 |
| 7 | Вонредни прих.од рабат,надом.штета,напл.отп.побарувања | 120.734,00 | 40.751,00 |
| 8 | Приходи од вишоци | 88,00 | 7.885,00 |
| 9 | Приходи од субв.придонеси од плата | 1.018.107,00 | 0 |
| 10 | Приходи од фин.поддршка | 30.687,00 | 30.687,00 |
| | **Остварен вкупен приход (4+5+6+7+8+9+10)** | **176.300.994,00** | **166.406.397** |

| **Таб.4.1.2** | **Материјални и нематеријални трошоци** | **2022год.** | **2023год.** |
|---|---|---|---|
| 1 | Трошоци за суровини и други материјали | 37.888.374,00 | 37.775.774,00 |
| 2 | Услуги со карактер на материјални трошоци | 11.588.574,00 | 11.929.192,00 |
| 3 | Останати трошоци од работењето | 8.787.011,00 | 7.634.070,00 |
| 4 | Бруто плати | 35.655.649,00 | 38.240.404,00 |
| 5 | Останати трошоци за вработените | 3.959.441,00 | 4.069.946,00 |
| 6 | Амортизација | 3.857.814,00 | 3.718.289,00 |
| 7 | Обезвреднување на тековни средства | 106.501,00 | 421.712,00 |
| 8 | Останати расходи од работењето | 433.041,00 | 31.510,00 |
| 9 | Расходи по основ на камати | 295.650,00 | 64.604,00 |
| 10 | Расходи по основ на курсни разлики | 13.299,00 | 9.815,00 |
| 11 | **Трошоци на работењето (1-10)** | **102.585.354,00** | **103.895.316,00** |
| 12 | Набавна вредност на трговска стока | 73.150.679,00 | 63.834.670,00 |
| 13 | **Вкупно материјални трошоци (11+12)** | **175.736.033,00** | **167.729.986,00** |
| 14 | Намалув.на расх. за нед. п-во/зголемување | 233.339,00 | 217.153,00 |
| 15 | **Вкупни трошоци (13+14)** | **175.502.694,00** | **167.947.139,00** |

| Таб.4.1.3 | Распоред на остварениот приход | 2022год. | 2023год. |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварен вкупен приход | 176.300.994 | 166.406.397 |
| 2 | Остварен вкупен расход | 175.502.694 | 167.947.139 |
| | Загуба пред оддаsuccулување | 798.300 | -1.540.742 |
| 3 | Данок од добивка,загуба | 0,00 | 59.361 |
| | Загуба | 798.300 | -1.600.103 |

Претседател на УО,

Горан Чалоски